Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за образование и наука
Ministria e Arsimit dhe Shkencës
Бр. - Nr 26-31/1
15.01.2026 год. - viti
Скопје / Shkup



Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Бр.-Nr 26-31/1
15 JAN 2026 20 год.-viti
Скопје - Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**ПЕДАГОШКА СЛУЖБА**

**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**MINISTRIA E ARSIMIT DHE E SHKENCËS**

**SHËRBIMI PEDAGOGJIK**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОШКАТА СЛУЖБА ЗА 2025 ГОДИНА

**Јануари, 2026**

**Скопје**

## Законска регулатива

Педагошката служба како орган во состав на Министерството за образование и наука има надлежности во делот на одобрување, издавање и набавка на учебници како и советување на родители/старатели и ученици кои што произлегуваат од следнава законска регулатива:

- Законот за Педагошка служба („Службен весник на Република Македонија" бр. 18/2011, 41/2014 ,55/2016 и 64/2018);
- Закон за учебници во основно и средно образование („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 3/25 и 74/25);
- Закон за основно образование („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 161/19, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25);
- Закон за средно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/2020, 78/25, 132/25 и 250/25).

При анализа на законската регулатива по која постапува Педагошка служба потребно е да се напомене дека на 27 декември 2024 година Собранието на Република Северна Македонија го донесе Законот за учебници во основно и средно образование („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 3/25 и 74/25) што претставува ново законско решение. По донесувањето на Законот за учебници во основно и средно образование во текот на 2025 година беа донесени повеќе подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон и тоа:

- Уредбата за утврдување на формулата за утврдување на каталошката вредност на учебникот донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија број 14 од 23.01.2025 година);
- Правилник за начинот на запишување во базата на рецензенти и начинот на работа на рецензентие (Службен весник на Република Северна Македонија број 13/25);
- Правилник за формата и содржината на Каталогот на одобрени учебници за употреба (Службен весник на Република Северна Македонија број 13/25);
- Правилник за начинот на прием, складирање, доделување и враќање на комплетите на учебници во основните и средните училишта;
- Правилник за начинот на одобрување на работна тетратка за употреба во училиштата.

## Вработени во Педагошка служба

Согласно Член (5) од Закон за Педагошката служба („Службен весник на Република Македонија" бр. 18/2011, 41/2014, 55/2016 и 64/2018), организационата поставеност на службата е уредена со актот на организација на Министерството за образование и наука. Од прикажаниот органограм видливо е дека со Педагошката служба раководи, Директор. Стуктурно овој орган во состав на Министерството за образование и наука е составен од еден сектор и тоа Сектор за учебници и педагошко советување и три одделенија и тоа Одделение за одобрување на учебници, Одделение за издавање и набавка на учебници и Одделение за советување на родители и ученици.




Кратката анализа на пополнетоста на секторот т.е. одделенијата, според табеларниот приказ подолу, покажува дека во службата има вкупно 15 вработени. Педагошката служба и покрај ограничениот човечки потенцијал, во целост ги извршува своите обврските согласно законските надлежности, но сепак потребно е да се напомене дека е потребно доекипирање посебно во одделението за советување на родители и ученици со соодветно стручни вработени, а во насока на унапредување на улогата на службата во воспитната компонента.

| **Структура на вработени по работно место** | **Број на вработени** |
|---|---|
| Раководител на сектор | 1 |
| Помошник раководител на сектор | 1 |
| Раководител на одделение | 5 |
| Советник | 6 |
| Помлад соработник | 1 |

| | |
|---|---|
| Самостоен референт | 1 |
| **Вкупно** | **15** |

**Напомена:** Со наредба бр. 04-11477/22 од 29.10.2025 година Раководителот на одделение за капитални инвестиции Зоран Штерјовски како и Раководителот на одделение за човечки ресурси во Државниот просветен инспекторат со наредба бр.08-11774/1 од 02.09.2025 година, Бесим Алија работните задачи ги извршуваа во Одделението за набавка и издавање на учебници односно Одделението за одобрување на учебници. Вработените своите работни обврски ги извршуваат во рамки на Педагошката служба.

Во текот на 2025 година со Договор на дело број 01-10855/1 од 04.08.2025 година беше ангажирано лице, со цел надминување на слабата страна констатирана во Програмата за работа на Педагошката служба за 2025 година, а тоа е недостатокот на лице со познавања во делот на правните науки. Со овој договор на дело е обезбедно лице кое дава поддршка за подготовка и спроведување на управни постапки, анализа, истражување и обработка на информации и податоци потребни за донесување на управни акти како и подготовка на нацрт-управни акти за потребите на водењето на управните постапки од надлежност на Педагошката служба. Времетраењето на овој договор на дело е заклучно со 31.12.2025 година.

## Реализирани активности на Директорот

Директорот на Педагошката служба, како именувано лице од Владата на Република Северна Македонија, раководи со работата на Педагошката служба:

- ја донесе Годишната програма за работа на Педагошката служба и организира реализација на истата;
- го донесе Годишниот извештај за работата на Педагошката служба;
- зеде активно учество во постапката за изготвување и донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Закон за учебници во основно и средно образование;
- активно учествуваше во изработката и подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за учебници во основно и средно образование;
- зеде активно учество како претседател на работната група во постапката за изготвување на предлог Закон за Педагошката служба;
- активно учествуваше во изработка на процедури за начин на спроведување на постапките согласно Закон за учебници во основно и средно образование;
- делигираше надлежности во однос на формирање на база на рецезенти како и комуникација со останатите институции со кои Педагошка служба има непосредна соработка;

- обезбеди информатичка опрема за потребите на вработените во Педагошката служба со што се унапредија условите за работа.

Во текот на 2025 година на иницијатива на директорот на Педагошката служба, а во соработка со МОН и ФИНКИ, Педагошката служба доби своја официјална веб страна. Станува збор за есенцијален елемент во делот на работата на службата, кој во современото дигитално време ќе се користи за споделување на информациите, а со тоа и зголемување на транспарентноста на самата институција. Со ова Педагошка служба доби свој официјален веб портал (www.pedagoshka.mon.gov.mk), што е чекор напред во полето на осовременување на функционирањето на институцијата, зголемување на транспарентноста, а со тоа и враќање на довербата на јавноста во институциите.

## Реализирани активности на сектор за учебници и педагошко советување

Во склоп на Педагошката служба има еден сектор и тоа Сектор за учебници и педагошко советување. Со оглед на фактот дека станува збор за единствен сектор во рамки на службата истиот работи како „сврзно" ткиво во рамки на институцијата, координирајќи ги и насочувајќи ги работните активности во насока на реализација на Годишната програма. Согласно наведеното активностите на секторот беа насочени кон:

- спроведување на непосредна контрола и надзор над извршувањето на работните обврски, работните задачи на раководителите на одделенијата и административните службеници во секторот;
- подготовка на соодветни општи и заеднички акти произлезени од работата на Педагошката служба и нејзините тела;
- изработка на информации, извештаи и други материјали од делокругот на работата на Педагошката служба и нејзините тела;
- сублимирање на податоци за потребниот број на учебници за основно и средно образование за учебната 2025/26 година од страна на училиштата;
- ажурирање на веб порталот на Педагошката служба (pedagoshka.mon.gov.mk);
- ажурирање на Каталог на одобрени учебници со внесување на податоци и PDF (електронски верзии) на учебниците за основно и средно образование (e-ucebnici.mon.gov.mk);
- спроведување на активностите поврзани со конкурсната постапка за одобрување на учебници;
- активности во процесот на формирање на рецензентски комисии за стручно вреднување на ракописи за учебници за соодветен наставен предмет;
- контрола на склучените договори за пренос на материјалните авторски права;
- стручно административни работи за потребите на Националната комисија за учебници за основно и средно образование;

- стручно административни работи за потребите на рецензентските комиисии за учебници;
- стручно административни работи за потребите на комисиите формирани согласно Законот за учебници во основно и средно образование;
- изработка на квартални извештаи за стратешки документи на МОН и стратегија за образование на Владата на Република Северна Македонија;
- контрола на направени анализа за извршените советувања на родители/старатели и ученици во основните и средните училишта за првото и второто полугодие на учебната 2024/2025 година;
- континуирана поддршка на стручните служби од училиштата во процесот на советодавната работа.

Освен наведените активности, вработените во секторот за учебници и педагошко советување во текот на 2025 година беа ангажирани во различни комисии и работни групи формирани од Министерот за образование и наука, како што се:

- Комисии за спроведување на постапка за јавни набавки;
- Комисии за следење на реализација на јавни набавки;
- Комисија за шифрирање и проверка на пристигната документација по јавен конкурс;
- Комисија за избор на членови на комисија за стручно вреднување на учебници по странски јазик;
- Комисија за доделување на стипендии за ученици и студенти;
- Комисија за проверка на документација по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик;
- Работна група за изработка на нов Закон за Педагошката служба
- Комисија за попис и др.

**База на рецезенти**

Во процесот на донесување на одлука за одобрување на учебник или пак решение за одобрување на учебник по странски јазик согласно закон се бара мислење од Бирото за развој на образованието/Центарот за развој на стручното образование како и од рецезентската комисија/комисијата за стручно вреднување на учебници по странски јазик. Рецезентската комисија како и комисијата за стручно вреднување на учебници по странски јазик се формира од лица кои исполнуваат соодветни услови и истите се имаат пријавено во Базата на рецезенти. Согласно член 15 од Законот за учебници во основното и средно образование - Педагошка служба создаде база на рецензенти. Со формирање на базата на рецезенти се зголемува брзината на процесот на носење на одлуки и воедно се штедат финансиски средства за постојано распишување на јавен оглас.

За таа цен, **на ден 30.01.2025 година Педагошката служба објави** ***Повик за пројавување на интерес за запишување во базата на резензенти*.** Со овој повик за прв

пат од постоењето на Педагошката служба се започна постапка преку која би се крерирала постојана база на рецезенти. **Повикот за учество во Базата на рецезенти е постојано отворен**, се со цел можност за нејзино постојано дополнување со членови што директно ќе влијае на зголемување на квалитетот на учебниците, но и унапредување на транспарентноста на самиот процес.

Од објавувањето на повикот па се до крајот на 2025 година во истата имаат аплицирано **вкупно 504 наставници и универзитетски професори, од кои 249 од основните, 118 од средните училишта како и 137 универзитетски професори**. Пријавувањето на апликантите во базата на рецезенти е уредено со донесениот *Правилник за начинот на запишување во базата на рецензенти и начинот на работа на рецензентите* (Службен весник на Република Северна Македонија 13/25). Пријавувањето во базата на рецезенти продолжува и во текот на 2026 година, а забележливо од наведените податоци, дека интересот на наставниците е голем, а со цел да има што повеќе вклучени стручни лица во процесот на одбрувањето на еден учебник.

**Процедури за спроведување на постапка по Закон за учебници**

Со донесувањето на Законот за учебници во основно и средно образование се изврши системска промена во делот на обезбедување на учебници. Со цел јасно прецизирање на овие постапки врз основа на член (49) став (1) и член (58) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), на предлог на директорот на Педагошката служба, министерот за образование и наука донесе две процедури и тоа:

- Процедура за начинот на спроведување на постапката за одобрување на учебници преку јавен конкурс и
- Процедура за начинот на спроведување на постапката за одобрување на учебници по странски јазик.

Наведените процедури имаат директно влијание за унапредување на транспарентноста на постапката како и зголемување на предвидливоста на истата што директно влијае на ефикасноста и ефективноста на органот.

## Одржани седници на Национална комисија за учебници

Националната комисија за учебници е тело составено од 21 член кои ги именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија. Надлежностите на Националната комисија се уредени во Член (9) од Законот за учебници во основно и средно образование, а согласно Член (8), Став (4) од истиот закон стручно-административните работи за Националната комисија ги врши Педагошката служба. Активностите на Националната комисија во текот на 2025 година се прикажани во табеларниот преглед:

НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА УЧЕБНИЦИ 2025 ГОДИНА

| Ред.бр. | Датsм | Присутни членови | Точки на дневен ред | Известија од извест. | Одобрени учебници | Не одобрени учебници | Вратени да се внесат корекции и препораки од РК, БРО, ЦРСО | Одложени за друга седница | Формирани Стручен тим | Избор на известител | Форми-рани РК | бр на записник | Начин на одржување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 17.01.2025 | 16 | 12 | 8 | 8 | / | / | / | / | 2 | / | 26-75/2 од 23.01.2025 година | ЗООМ |
| 2 | 24.01.2025 | 17 | 10 | 8 | 4 | 2 | 2 | / | / | / | / | 26-97/2 од 28.01.2025 година | ЗООМ |
| | 21.02.2025 | 15 | 13 | 8 | 7 | 1 | / | / | / | 17 | 14 | 26-184/2 од 20.03.2025 година | ЗООМ |
| 3 | 21.03.2025 | 15 | 10 | 6 | 4 | | 1 | | | 13 | | 26-278/3 од 09.04.2025 година | ЗООМ |
| 5 | 11.4.2025 | 15 | 5 | 2 | 1 | / | 1 | / | / | 2 | / | 26-361/2 од | ЗООМ |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | 28.04.2025 година | |
| 6 | 26.5.2025 | 16 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | 3 | 26-109/35 од 02.06.2025 година | ЗООМ |
| 7 | 05.06.2025 | 16 | 7 | 3 | 3 | / | / | / | / | 29 | 3 | 26-703/2 од 16.06.2025 година | ЗООМ |
| 8 | 16.06.2025 | 15 | 7 | 5 | 3 | / | 2 | 1 | / | / | / | 26-734/2 од 23.06.2025 година | ЗООМ |
| 9 | 03.07.2025 | 16 | 8 | 6 | 4 | / | / | / | известителот предлага да се формира стручен тим | 2 | 10 | 26-787/2 од 09.07.2025 година | Microsoft Teams |
| 10 | 10.07.2025 | 18 | 11 | 10 | 5 | / | 5 | / | / | 1 | 7 | 26-174/47 од 23.07.2025 година | Microsoft Teams |
| 11 | 23.07.2025 | 16 | 8 | 6 | 4 | / | 2 | 1 | / | 5 | 4 | 26-830/2 од 28.07.2025 година | Microsoft Teams |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12 | 29.07.2025 | 14 | 8 | 9 | 4 | / | 5 | / | / | 4 | 2 | 26-847/2 од 04.08.2025 година | Microsoft Teams |
| 13 | 12.08.2025 | 17 | 6 | 7 | 3 | / | 1 | / | 2 | 7 | 2 | 26-876/2 од 14.08.2025 година | Microsoft Teams |
| 14 | 21.08.2025 | 18 | 7 | 15 | 11 | / | 4 | / | / | 13 | / | 26-907/2 од 22.08.2025 година | Microsoft Teams |
| 15 | 25.082025 | 19 | 5 | 11 | 6 | / | 5 | / | / | 4 | 1 | 26-926/2 од 26.08.2025 | Microsoft Teams |
| 16 | 27.08.2025 | 18 | 2 | 5 | 3 | / | / | / | / | / | / | 26-942/2 од 27.08.2025 год | Microsoft Teams |
| 17 | 05.09.2025 | 17 | 6 | 4 | 3 | / | / | 2 | / | / | / | 26-984/2 од 11.09.2025 | Microsoft Teams |
| 18 | 17.09.2025 | 18 | 5 | 3 | 2 | / | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 26-914/9 од 18.09.2025 година | Microsoft Teams |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 19 | 9/30/2025 | 18 | 10 | 10 | 6 | / | / | 1 | / | 6 | / | 26-1076/2 од 3.10.25 | Microsoft Teams |
| 20 | 11/14/2025 | 17 | 11 | 7 | 7 | / | / | / | 1 | 13 | 1 | 26-1216/2 од 2.12.25 | Microsoft Teams |
| 21 | 12/4/2025 | 18 | 14 | 25 | 14 | 2 | 10 | 4 | / | 1 | 23 | 26-1295/2 од 11.12.25 | Microsoft Teams |
| 22 | 12/11/2025 | 19 | 10 | 10 | 7 | 1 | 2 | 4 | / | / | 10 | 26-1342/2 од 29.12.25 | Microsoft Teams |

Од табеларниот преглед видливо е дека во текот на 2025 година Националната комисија за учебници има одржано вкупно 22 седници, односно во просек се одржани по 2 седници на месечно ниво. Доколку се направи анализа на месечно ниво тогаш може да се воочи дека Националната комисија за учебници била најактивна во месеците јули и август кога се одржани по 4 седници. Сите седници на комисијата се реализирани онлајн со користење на алатка за онлајн состаноци.

## Реализирани активности на Одделението за одобрување на учебници

Активностите на Одделението за одобрување на учебници во рамки на Педагошката служба се насочени во насока на активности за распишување на Конкурс за ракописи за учебници како и Јавен повик за учебници по странски јазик во основното и средното образование. Согласно Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија број 3/25 и 74/25) одобрувањето на учебниците започнува преку овие две постапки. Дополнително Одделението за одобрување на учебници ги спроведува и постапките кои се започнати и течат согласно старото законско решение за учебници.

Согласно политиките на Министерството за образование и наука, по донесувањето на новиот Закон за учебници во основно и средно образование, во текот на 2025 година беа распишани повеќе конкурси и јавни повици со цел обезбедување на учебници и тоа:

- Учебници по сите странски јазици во основно образование;
- Учебници согласно новите наставни програми за учениците во седмо одделение во основно образование;
- Учебници согласно новите наставни програми за учениците во прва година гимназиско средно образование.

За оваа цел од страна на Педагошката служба во текот на 2025 година беа распишани вкупно 20 конкурси за прибирање на ракописи за учебници во основно и средно образование кои се прикажани во табеларниот преглед.

| Реден број | Број на конкурс | Вид на образование | Број на наставни предмети | Број на предмети за кои се доставени ракописи | Број на предмети за кои не се доставени ракописи | Вкупно примени ракописи | Број на доставени ракописи до БРО | Вкупен број на одобрени учебници по конкурс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 26-106 | Основно образование | 10 | 5 | 5 | 25 | 23 | 5 |
| 2. | 26-126 | Основно образование | 4 | 4 | 0 | 15 | 11 | 4 |
| 3. | 26-174 | Основно образование | 13 | 7 | 6 | 20 | 17 | 7 |
| 4. | 26-341 | Средно образование | 14 | 13 | 1 | 45 | 44 | 11 |
| 5. | 26-492 | Основно образование | 5 | 1 | 4 | 1 | 1 | 0 |
| 6. | 26-663 | Основно образование | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| 7. | 26-666 | Средно образование | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 |
| 8. | 26-772 | Средно образование | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| 9. | 26-1122 | Средно образование | 1 | 1 | 0 | 4 | Постапката е во тек | |
| 10. | 26-1156 | Основно образование | 14 | Постапката е во тек | | | | |
| 11. | 26-1196 | Средно образование | Конкурсот е поништен со Решение број 26-1196/2 | | | | | |
| 12. | 26-1345 | Основно образование | Конкурсот е поништен со Решение број 26-1345/2 | | | | | |
| 13. | 26-1159 | Основно образование | 1 | Постапката е во тек | | | | |
| 14. | 26-1224 | Средно образование | 2 | Постапката е во тек | | | | |
| 15. | 26-1173 | Средно образование | 5 | Постапката е во тек | | | | |
| 16. | 26-1205 | Средно образование | 2 | Постапката е во тек | | | | |
| 17. | 26-1316 | Средно образование | 2 | Постапката е во тек | | | | |
| 18. | 26-1349 | Средно образование | 1 | Постапката е во тек | | | | |
| 19. | 26-1360 | Средно образование | 1 | Постапката е во тек | | | | |
| 20. | 26-1393 | Средно образование | 1 | Постапката е во тек | | | | |

Од табеларниот приказ видливо е дека за постапките кои се комплетно спроведени во текот на 2025 година, за распишани 8 конкурси со цел обезбедување на учебници за 50 наставни предмети во основно и средно образование, обезбедени се вкупно 107 ракописи од кои се одобрени 28 учебници. Доколку се спореди бројот на барани наставни предмети со бројот на одобрени учебници потребно е да се земе во предвид и фактот дека за одредени наставни предмети се распишани повеќе конкурси со цел обезбедување на учебници пред почетокот на учебната 2025/26 година. Овие конкурсни постапки во најголема мера се однесуваат на учебниците за седмо одделение во основно образование како и за учебниците за прва година средно гиманзиско образование, кои беа целосно заменети во целосен тираж. Со ова Педагошката служба одговори на поставените политики на Министерството за образование и наука за етапна промена на учебниците за учениците во основното и средното образование, односно на поставениот план за замена на учебниците за седмо одделение и прва година гимназиско средно образование во текот на 2025 година, односно истите беа доставени до училиштата пред стартот на учебната 2025/26 година.

Останатите 9 конкурсни постапки во момент на составување на овој извештај се во тек, додека пак два конкурса се поништени со решение на директорот на Педагошката служба. Конкурсните постапки кои се започнати во 2025 година, а ќе бидат финализирани во првата половина од 2026 година се однесуваат на учебници за осмо одделение во основно образование и втора година гимназиско средно образование.

Проблемот со недостаток на учебници по странски јазик беше еден од главните проблеми на македонскиот образовен систем во претходните седум години. Во текот на 2025 година од страна на директорот на Педагошката служба за прв пат по седум години беа донесени решенија за одобрување на учебници по сите странски јазици со што конечно се најде соодветно решение, а учениците ги добија учебниците како за првиот странски јазик, англискиот, така и за германскиот, францускиот, италијанскиот и рускиот јазик како втор странски јазик.

Во текот на 2025 година беа распишани вкупно 8 јавни повици за прибирање на барање за одобрување на учебници по странски јазик и тоа:

| Реден број | Број на јавен повик | Вид на образование | Број на наставни предмети за кои се бара учебник по странски јазик | Број на добиени барања за одобрување | Број на одобрени учебници по странски јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 26-110 | основно | 23 | 132 | 21 |
| 2 | 26-340 | средно | 5 | 17 | 5 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | 26-663 | основно | 4 | 4 | 4 |
| 4 | 26-880 | основно | 1 | 1 | 1 |
| 5 | 26-900 | основно | 1 | 2 | 0 |
| 6 | 26-1172 | средно | 4 | Постапката е во тек | |
| 7 | 26-1225 | средно | 1 | Постапката е во тек | |
| 8 | 26-1315 | основно | 1 | Постапката е во тек | |
| Вкупно | | | 40 | 156 | 31 |

Постапките означени со реден број 1-5 како и реден број 8 се однесуваат за учебници за сите странски јазици во задолжителното основно образование како и во прва година гимназиско образование. Овие постапки беа приоритет за реализација на Министерството за образование и наука за 2025 година, и истите со успех беа реализирани пред почетокот на учебната 2025/26 година.

Постапките со реден број 6-7 се однесуваат за втора година гимназиско образование, и како такви се приоритет на министерството за учебната 2026/27 година, но сепак со цел навремено спроведување на истите, почетокот на јавниот повик е во последниот квартал од 2025 година.

Освен спроведените конкурси и јавни повици беа реализирани и постапки согласно Член (34) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" број 3/25 и 74/25), но и останати активности кои произлегуваат од наведеното законско решение, а во однос на започнатите постапки и тоа:

- Објавени Соопштенија за отварање на шифри и истите се јавно достапни на веб страницата на Министерството за образование и наука;
- Изготвени се договори за пренос на материјалните авторски права ;
- Изготвени се исплати по сите основи од делокругот на одделението;
- Извршени се стручно административни работи за потребите за Националната комисија за учебници ;
- За средно стручно образование во периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година, одобрени се:
    - 2 Учебници за 1 година, средно стручно образовани;
    - 19 Учебници за 2 година, средно стручно образование;
    - 26 Учебници за 3 година, средно стручно образование;
    - 33 Учебници за 4 година, средно стручно образование.
- Вратени на доработка се 41 ракопис за кои што авторите треба да направат одредени корекции согласно забелешките и препораките од страна на Рецензентските комисии, БРО и ЦРСО. По направените корекции се врши повторна проверка по што се носи конечна одлука од НКУ за конечно разгледување;
- формирани се 88 рецензентски комисии;

- Формирани се 4 стручни тимови со цел да се изврши ревизија на рецензентските комисии;
- изготвени се 168 известија од известители;
- продолжени се 10 договори за пренос на материјално авторско право со авторите за учебниците за основно образование;
- склучени се 74 договори за пренос на материјалното авторско право со авторите за учебниците за средно стручно образование за 1,2,3 и 4 година:
  - 4 договори за прва година;
  - 20 договори за втора година;
  - 20 договори за трета година;
  - 30 договори за четврта година.
- продолжени се 6 договори за пренос на материјално авторско право со авторите за учебниците за средно стручно образование за 1,2,3 и 4 година
  - 1 договор за прва година;
  - 2 договори за втора година;
  - 2 договори за трета година;
  - 1 договор за четврта година.
- исплатени се 42 договори за учебниците за основно образование
  - 3 договори еднократна исплата
  - 39 договори на рати
- исплатени се 146 договори за учебниците за средно стручно образование за 1,3 и 4 година.
- 43 договори за 1 година средно стручно образование
  - 2 договори еднократна исплата
  - 41 договор на рати
- 62 договори за 3 година средно стручно образование
  - 28 договори еднократна исплата
  - 34 договори на рати
- 41 договори за 4 година средно стручно образование
  - 29 договори еднократна исплата
  - 12 договори на рати

## Работни тетратки

Врз основа на член 27 став 4 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр 3/25 и 74/25), во училиштата, освен учебници и материјали за учење, можат да се употребуваат и работни тетратки за да се постигнат одредени образовни цели утврдени со наставната програма за

наставниот предмет, како и цели од меѓунаставни теми, кои поттикнуваат ученик-ученик и/или ученик – содржинска интеракција и истражување и/или групна работа. Работните тетратки треба да се усогласени со научните принципи и етичките норми, и истите треба да се педагошки, психолошки и дидактичко-методски погодни за употреба по наставниот предмет закој се наменети.

Согласно наведеното во текот на изминатата година од страна на Министерот за образование и наука беше донесен Правилник за начинот на одобрување на работна тетратка за употреба во училиштата. Врз основа на овој подзаконски акт, издавачите до Педагошката служба ги доставуваат барањата за одобрување на работна тетратка.

Во календарската 2025 година во Педагошката служба се поднесени вкупно 86 барања за одобрување на работни тетратки во основните и средните училишта. По спроведување на целокупната постапка и доставените стручни мислења од страна на Бирото за развој на образованието, од страна на директорот на Педагошката служба се донесени **вкупно 81 решение** од кои **46 позитивни решенија**, односно решение за одобрување на употреба на работна тетратка додека пак за **35 барања се донесени негативни решенија** согласно доставеното стручно мислење од БРО. За 5 предмети постапката е започната во текот на 2025 година, но истата не е завршена во рамките на дадената календарска година.

## Реализирани активности на Одделението за издавање и набавка на учебници

Активностите на Одделението за издавање и набавка на учебници се насочени во насока на финализирање на постапките за обезбедување на учебници и нивна физичка дистрибуција до училиштата односно до учениците. Во таа насока, во текот на 2025 година беа реализирани следниве активности:

- Пресметана е каталошка вредност на учебниците согласно Уредбата за утврдување на формулата за утврдување на каталошката вредност на учебникот донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија број 14 од 23.01.2025 година);
- продолжување на постапките од ЈН на услуги за преведување, лектура, стручна редакција, графичко и техничко уредување на учебници за основно и средно образование за учебната 2025/2026 година (договорната услуга заврши во месец август 2025 година);
- продолжување на постапките од Јавна набавка за обезбедување на услуги за печатење и дистрибуција на учебници за основно и средно образование преку која се обезбедени нови договори за печатење и дистрибуција на учебници во текот на 2025 година за учебната 2025/26 година, а истите ќе продолжат и во 2026 година за учебната 2026/2027 година;
- активирана е електронска апликација за обезбедување на потребниот број на учебници (ucebnici.mon.gov.mk);

- ажуриран е веб порталот на Педагошката служба (pedagoshka.mon.gov.mk)
- ажуриран е Каталогот на одобрени учебници со внесување на податоци и PDF (електронски верзии) на учебници за основно и средно образование (e-ucebnici.mon.gov.mk)
- обезбедени се податоци за потребниот број учебници од страна на училиштата;
- обезбедени се податоци за број на оштетени учебници;
- објавена е каталошка цена на оштетени учебници;
- изготвен и објавен Каталог на одобрени учебници за основно и средно образование;
- доставени се податоци до Одделението за јавни набавки, за спроведување на постапки за јавни набавки за откуп на учебници за учебната 2025/26 година за основно и средно образование;
- учество во спроведување на постапки за јавна набавка за откуп на учебници за основно образование за учебната 2025/26 година;
- учество во спроведување на постапки за јавна набавка за откуп на учебници за средно образование за учебната 2025/26 година;
- обезбедени 181 ЦИП запис за издавање на учебници за основно и средно образование, согласно поединечните договори кои произлегуваат од рамковните спогодби;
- изготвени се исплати согласно превземените обврски по сите основи од делокругот на одделението, односно изготвени се барања за плаќање за цип записи, барања за плаќање за откуп на учебниците за средно и основно образование, барања за плаќање за графичко и техничко уредување,превод и печатење на учебниците за основно и средно образование, лектура, стручна редактура, графичко и техничко уредување, печатење и дистрибуција на учебниците за основно и средно образование за учебната 2025/2026 година и
- ажурирање на веб порталот за учебници во pdf формат e-ucebnici.mon.gov.mk.

## Финансиски извештај за работата на Педагошката служба за 2025 година

Педагошката служба е орган во состав на Министерство за образование и наука и од таа причина буџетот е претставен како составен дел на буџетот на министерството. Одобрениот буџет на Педагошката служба на стартот на календарската 2025 година е прикажан во табеларниот преглед.

| Програма | Расходна ставка | Сума |
|---|---|---|
| 21 | 423 | 200.120.000 денари |
| | 425 | 250.000.000 денари |
| | 426 | 200,000 |
| Вкупно | | 450.320.000 денари |
| 31 | 423 | 130.250.000 денари |

| | | |
|---|---|---|
| | 425 | 150.000,000 денари |
| | 426 | 200.000 денари |
| Вкупно | | 280.450.000 денари |
| **Вкупно** | | 730.770.000 денари |

При разгледување на одобрениот буџет на стартот на 2025 година потребно е да се напомене дека истиот има претрпено промени по извршени ребаланси или пак пренамена на средства. Со цел правилно прикажување на реалната состојба потребно е да се направи проценка на генерираните обврски по соодветните програми и расходни ставки.

Во текот на 2025 година Педагошката служба ги има превземено следниве обврски по програми и расходни ставки:

| Програма | Расходна ставка | Сума | Исплатено во 2025 |
|---|---|---|---|
| 21 | 423 | 395.797.914 денари | 231.224.209 денари |
| | 425 | 130.482.587 денари | |
| Вкупно | | 526.280.501 денари | |
| 31 | 423 | 135.879.057,000 денари | |
| | 425 | 94.822.279 денари | 89.547.020 денари |
| Вкупно | | 230.701.339 денари | |
| Вкупно | | 756.981.840 денари | |

Од иницијалната пресметка на одобрениот буџет на стартот на календарската година и превземаните обврски од спроведените активности може да се заклучи дека дефицитот изнесува 26.211.840 денари. Доколку во предвид се земат и кратењата по спроведениот ребаланс и одлука на Владата на Република Северна Македонија овој дефицит дополнително се зголемува па затоа и по основ на дефицит на програми и расходни ставки во 2025 година имаме 5.629.057 денари на програма 31, расходна ставка 423, 5.275.259 на програма 31, расходна ставка 425, односно 94.573.705 на програма 21 расходна ставка 423.

Во однос на реализирани пренамени, ребаланси, односно одлука на Влада констатирани се следниве промени

- програма 21, расходна ставка 423 промена од 200.120.000 денари на 270.275.000 денари;
- програма 21, расходна ставка 425 промена од 250.000.000 денари на 160.620.000 денари;
- програма 31, расходна ставка 423 промена од 130.250.000 денари на 137.250.000 денари
- програма 31, расходна ставка 425 промена од 150.000.000 денари на 120.000.000 денари

Со оглед на фактот дека во текот на 2025 година се работеше по нов Закон за учебници во основно и средно образование, кој предвидува продолжување на постапките спроведени по старото законско решение, учебниците чии што авторски права се во

сопственост на Министерството за образование и наука беа обезбедени преку постапка за печатење и дистрибуција. Самата постапка беше предмет на нова јавна набавка при што се постигна цена пониска од онаа што важеше со претходната идентична јавна набавка. Во таа смисла е прикажан компаративен преглед на генерирани обврски по основ на печатење на учебници за 2025 година во однос на 2024 година:

| Година | Печатење основно образование | Печатење средно образование | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **2024** | 184.265.362 денари | 29.054.647 денари | 213.320.009 денари |
| **2025** | 124.667.873 денари | 1.587.931 денари | 126.255.804 денари |
| **Вкупна разлика** | | | 87.064.205 денари |

Од дадениот приказ видливо е дека во текот на 2025 година за печатење на учебници Педагошката служба потрошила 87.064.205 денари помалку во однос на 2024 година. Ова во голема мера се должи на спроведената јавна набавка при која е обезбедена пониска цена компаративно со претходно важечката набавка за печатење на учебници.

Во однос на вкупниот број на испечатени учебници по одделение односно година за основно односно средно образование во 2025 година се остварени следниве бројки:

- 1 одделение во основно образование 86.224 примероци од учебници;
- 2 одделение во основно образование 79.636 примероци од учебници;
- 3 одделение во основно образование 79.854 примероци од учебници;
- 4 одделение во основно образование 7.184 примероци од учебници;
- 5 одделение во основно образование 1.360 примероци од учебници;
- 6 одделение во основно образование 3.216 примероци од учебници;
- 7 одделение во основно образование 7.462 примероци од учебници;
- 8 одделение во основно образование 6.039 примероци од учебници;
- 9 одделение во основно образование 9.737 примероци од учебници;
- 3 година во средно образование 2.039 примероци од учебници.

Од дадениот приказ видливо е дека во текот на 2025 година Педагошката служба испечатила вкупно 280.712 примероци од учебници во основно образование, 2.039 примероци од учебници во средно образование или **вкупно 282.751 примерок од учебник**.

Во однос на вкупниот број на откупени учебници по одделение односно година за основно односно за средно образование во 2025 година се остварени следниве бројки:

- 1 одделение во основно образование се откупени 21.581 примерок од учебник;
- 2 одделение во основно образование се откупени 19.909 примероци од учебници;
- 3 одделение во основно образование се откупени 19.952 примероци од учебници;
- 4 одделение во основно образование се откупени 20.651 примерок од учебник;
- 5 одделение во основно образование се откупени 48.789 примероци од учебници;
- 6 одделение во основно образование се откупени 68.722 примероци од учебници;
- 7 одделение во основно образование се откупени 195.932 примероци од учебници;

- 8 одделение во основно образование се откупени 39.522 примероци од учебници;
- 9 одделение во основно образование се откупени 37.008 примероци од учебници;
- 1 година во средно образование се откупени 59.834 примероци од учебници;
- 2 година во средно образование се откупени 9.295 примероци од учебници;
- 3 година во средно образование се откупени 3.199 примероци од учебници;
- 4 година во средно образование се откупени 18.624 примероци од учебници.

Од дадениот приказ видливо е дека во текот на 2025 година Педагошката служба откупила вкупно 472.066 примероци од учебници во основно образование односно 90.952 примероци од учебници во средно образование. **Вкупниот број на откупени учебници во основно и средно образование е 569.018 примероци од учебници**. Дополнителната анализа покажува дека најголем број на учебници во основно образование се обезбедени за 7 одделение, додека пак во средно образование за прва година. Наведеното е како резултат на реализација на спроведената политика на Министерството за образование и наука за промена на учебниците по промена на наставните програми за седмо одделение и прва година гимназиско образование.

Вкупниот број на учебници набавени преку постапки на печатење или откуп во текот на **2025 година изнесува 851.769 примероци од учебници**.

Дополнително во текот на 2025 година примена е донација во износ од 5.000 примероци од учебници од учебникот Математика за 4 одделение во основно образование. Учебниците од примената донација се распределени на основни училишта кои пријавиле недостаток од наведениот наслов.

Во однос на спроведените јавни набавки во текот на 2025 година е спроведена:

- Јавна набавка за откуп на учебници за основно образование;
- Јавна набавка за откуп на учебници за средно образование.

Во однос на остварените цени по кои е набавен комплет на учебници во текот на 2025 година (со вклучен ДДВ) достапни се следниве податоци:

**Основно образование**

*1 одделение*

- комплет учебници на македонски јазик 2.391 денар;
- комплет учебници на албански јазик 2.397 денари;

*2 одделение*

- комплет учебници на македонски јазик 2.342 денари;
- комплет учебници на албански јазик 2.348 денари;

*3 одделение*

- комплет учебници на македонски јазик 2.759 денари;
- комплет учебници на албански јазик 2.695 денари;

*4 одделение*

- комплет учебници на македонски јазик 3.622 денари;
- комплет учебници на албански јазик 4.446 денари;

*5 одделение*

- комплет учебници на македонски јазик 3.583 денари;
- комплет учебници на албански јазик 5.118 денари;

*6 одделение*

- комплет учебници на македонски јазик 4.669 денари;
- комплет учебници на албански јазик 6.788 денари;

*7 одделение*

- комплет учебници на македонски јазик 7.557 денари;
- комплет учебници на албански јазик 7.620 денари;

*8 одделение*

- комплет учебници на македонски јазик 7.823 денари;
- комплет учебници на албански јазик 9.181 денар;

*9 одделение*

- комплет учебници на македонски јазик 9.316 денари;
- комплет учебници на албански јазик 8.741 денар.

**Средно образование**

*1 година*

- комплет учебници на македонски јазик 9.526 денари;
- комплет учебници на албански јазик 9535 денари;

*2 година*

- комплет учебници на македонски јазик 7.867 денари;
- комплет учебници на албански јазик 6.658 денари;

*3 година*

- комплет учебници на македонски јазик 15.434 денари;
- комплет учебници на албански јазик 13.720 денари;

(Цената е за комплет учебници во општествено- хуманистичко подрачје )

*4 година*

- комплет учебници на македонски јазик 15.670 денари;
- комплет учебници на албански јазик 14.811 денари.

(Цената е за комплет учебници во општествено- хуманистичко подрачје )

Со цел полесна анализа на набавените учебници, во прилог е пресметка на просечна цена на еден набавен учебник во основно и средно образование:

- Во основно образование просечната цена на еден набавен учебник е:
    - Просечна цена на учебник по странски јазик **906** денари;
    - Просечна цена на учебник **854** денари;
    - Просечна цена од двата дела е **880** денари.
- Во средно образование просечна цена на еден набавен учебник е:
    - Просечна цена на учебник по странски јазик **2.196** денари;
    - Просечна цена на учебник **1.626** денари;

- Просечна цена од двата дела е **1.911** денари

Во делот на склучени договори во основно образование достапни се следниве податоци:

- Договори за откуп во основно – 10 договори;
- Договори за печатење – 4 договори;
- Договори за Графичко техничко уредување - 2 договори;
- Договори за пренос на авторско и материјално право - 15 договори (10 продолжени, 5 склучени).

Вкупно во текот на 2025 година се склучени 31 договор во основно образование.

Во делот на склучени договори во средно образование достапни се следниве податоци:

- Договори за откуп во средно образование - 18 договори;
- Договори за печатење – 1 договор;
- Договори за графичко, техничко и превод – 31 договор;
- Договори за пренос на авторско и материјално право – 80 договори (6 продолжени 74 склучени)

Вкупно во текот на 2025 година се склучени 130 договори во средно образование.

За склучените договори во текот на 2025 година, од аспект на исплата на истите остварени се следниве резултати:

- Од вкупно 10 склучени договори, 4 се исплатени еднократно додека пак 6 се исплатени на рати);
- Од склучени 4 договори за печатење, сите 4 се исплатени еднократно;
- Од склучени 2 договори за техничко уредување, сите 2 се исплатени еднократно;
- Од склучени 42 договори, 3 се исплатени еднократно додека пак 39 се исплатени на рати).

Во однос на склучените договори за средно образование за 2025 година, од аспект на исплата на истите се остварени следниве резултати:

- Од вкупно склучени 18 договори за откуп во средно, сите 18 се исплатени еднократно;
- Од вкупно склучен 1 договор за печатење, истиот е исплатен еднократно;
- Од склучени 31 договор за графичко, техничко уредување и превод сите 31 се исплатени еднократно;
- Од склучени 146 договори за пренос на авторско и материјално право, 59 се исплатени еднократно додека пак 87 се исплатени на рати.

**Од вкупно спроведените активности кои се започнати во 2025 година, во 2026 година се пренесени следниве обврски:**

- **Програма 31, расходна ставка 425 се пренесени 5.275.259 денари;**
- **Програма 21, расходна ставка 423 се пренесени 94.573.705 денари.**

Пренесените обврски ќе бидат реализирани во текот на првиот квартал од 2026 година, што директно ќе влијае на намалување на финансискиот потенцијал на Педагошката служба на стартот од 2026 година.

## Реализирани активности на Одделението за советување на родители и ученици

Одделението за советување на родители и ученици со својата работа директно влијае на унапредување на воспитната компонента во самиот воспитно-образовен систем.

Одделението за советување на родители и ученици ги реализира активностите во врска со пријавите на електронската адреса за онлајн пријавување на насилство (prijavinasilstvo@mon.gov.mk), односно ги следи пријавите и соодветно постапува по истите. Врз основа на тоа се констатира дека на електронската адреса за пријавување насилство **во 2025 година биле доставени 51 пријава**. Во најголем процент пријавите се од родители кои реагираат за извршено врсничко насилство врз нивните деца во училиштe, а дел од пријавите се однесуваат на реакции на родители во врска со несоодветен однос на наставник кон ученик.

Одделението за советување на родители и ученици согласно надлежностите одржува состаноци и средби со релевантни претставници на училишта и со родители. Состаноците се од советодавна и консултативна природа со цел преку размена на конструктивни мислења да се изнајдат најдобрите можни решенија како би се промовирала здрава училишна клима. Во оваа насока одделението соработува и со Државниот просветен инспекторат.

Одделението за советување на родители и ученци беше вклучено во работни групи за воспоставување на семејно-ориентирани услуги на рана интервенција во детството (РИД) и за реализација на Националниот план за ментално здравје на деца и адолесценти 2025-2030 - Стандардна оперативна процедура (СОП) за рано откривање и интервенција во менталното здравје кај деца и адолесценти - верзија 1.0., во соработка со Уницеф и во други активности поврзани со делокругот на работата на одделението.

Како есенцијален составен елемент на Педагошката служба, активностите на одделението за советување на родители и ученици беа насочени кон:

- подготовка на предлог план за работа на одделението за 2025 година;
- подготовка на формулар за извршени советувања на родители/старатели и ученици во основните и средните училишта за првото полугодие на учебната 2024-2025 година;
- подготовка на формулар за извршени советувања на родители/старатели и ученици во основните и средните училишта за второто полугодие на учебната 2024-2025 година;
- прибирање на податоците, анализа на истите врз основа на што се изработува извештај за извршени советувања на ученици и родители/старатели за учебна 2024-2025 година;
- изготвување на стручни мислења по претходно доставени барање од училиштата согласно Законот за основно и Законот за средно образование;

- поддршка на стручните служби и наставниот кадар од училиштата во процесот на советодавната работа;

Врз основа на горе наведените активности изготвен е извештај бр.26-928/1 од 25.08.2025 година, за извршени советувања на родители/старатели и ученици во основните и средните училишта за учебната 2024-2025 година.

Согласно програмите за советување на родители /старатели на ученици во основните и средните училишта советувањето на родителите има две основни цели: (1) запознавање на родителите на учениците кои нередовно ја посетуваат наставата, го намалуваат успехот во учењето и/или манифестираат одредена форма на несоодветно однесување и (2) едуцирање на родителите за начините на кои може да се подобрат вештините на воспитување на децата и да се унапредат односите во семејството за да можат нивните деца поуспешно да се справуваат со разни видови училишни тешкотии и животни предизвици.

Согласно програмите за советување на ученици во основните и средните училишта целта на советувањето на учениците е поттикнување на нивниот психосоцијален развој, подобрување на училишниот успех и коригирање на одредени облици на однесување, нивна адаптација во училишната средина и превенција од ризични облици на однесување.

Анализата на извршените советувања на родители/старатели и ученици во основните и средните училишта за учебната 2024-2025 година има за цел да даде појасна слика дали програмите за советување на родители/старатели и ученици во основните и средните училишта, ги задоволуваат поставените цели. Освен тоа, важноста е во примена на добиените наоди за зголемување на ефективноста на советодавната работа со учениците и нивните родители од содржински, методолошки и организациски аспект, односно да се овозможи да се добијат корисни сознанија што ќе дадат свој придонес во воспитно образовниот процес.

Квантитативните и квалитативните податоци кои се однесуваат на предметот на анализа добиени се со примена на инструментот/формуларот за извршени советувања на родители/старатели и ученици во основните и средните училишта.

Согласно дописи бр. 26-142/1 и 26-143/1 од 07.02.2025 година испратени до основните и средните училишта во Република Северна Македонија, задолжените за спроведување на советувањето (психолог, педагог) имаа задача да го пополнат формуларот за извршени советувања за прво полугодие на учебната 2024 – 2025 година и најдоцна до 19.02.2025 година да го испратат до Одделението за советување на родители и ученици - Педагошка служба.

Согласно допис бр. 26-728/1 од 13.06.2025 година испратен до основните и средните училишта во Република Северна Македонија, задолжените за спроведување на советувањето (психолог, педагог) имаа задача да го пополнат формуларот за извршени советувања за второ полугодие на учебната 2024 – 2025 година.

По наведените дописи училиштата беа задолжени во прилог на пополнетите формулари да достават копии од записниците за извршените советувања со ученици и нивни родители/старатели по основ на несоодветно однесување.

На 341 основно училиште им беше доставено да пополнат формулари за извршени советувања на родители/старатели и ученици за прво и второ полугодие на учебната 2024 - 2025 година. Од нив 303 училишта доставиле пополнети формулари за прво полугодие, а 38 основни училишта не ги доставиле бараните податоци. Исто така 277 училишта доставиле пополнети формулари за второ полугодие, а 64 училишта не ги доставиле бараните податоци.

На 106 средни училишта им беше доставено да пополнат формулари за извршени советувања на родители/старатели и ученици за прво и второ полугодие на учебната 2024 - 2025 година. Од нив 85 средни училишта доставиле пополнети формулари за прво полугодие, а 21 средно училиште не ги доставиле бараните податоци. Исто така 74 училишта доставиле пополнети формулари за второ полугодие, а 32 училишта не доставиле пополнети формулари.

## Извршени советувања на родители/старатели и ученици во основните училишта во учебната 2024 - 2025 година

| Родители/Старатели | Намален успех во учењето | Нередовно посетување настава | Несоодветно однесување во училиштето | Родители кои не се појавиле на советување и за кои е известен ЦСР |
|---|---|---|---|---|
| Прво полугодие | 2.876 | 1.446 | 693 | 272 |
| Второ полугодие | 1.879 | 1.434 | 557 | 191 |
| Вкупно | 4.755 | 2.880 | 1.250 | 463 |

Во горенаведениот табеларен преглед прикажан е вкупниот број на родители/старатели кои биле повикани на советување од страна на стручните служби во училиштата и со кои е извршено советувањето во учебната 2024 - 2025 година во основните училишта. Исто така прикажан е и вкупниот број на родители кои не се појавиле на советување и за кои е известен Центарот за социјални работи. Прикажаните резултати покажуваат дека:

- Со вкупно 4.755 родители/старатели биле извршени советувања заради намален успех во учењето (негативна оценка по три или повеќе предмети, значително опаднат општ успех во краток период). Со 2.876 родители/старатели биле извршени советувања во првото полугодие, а со 1.879 родители/старатели биле извршени советувања во второто полугодие на учебната 2024 - 2025 година.

- Со вкупно 2.880 родители/старатели биле извршени советувања заради нередовно посетување настава, односно 1.446 родители/старатели биле советувани во првото полугодие, а 1.434 родители/старатели биле советувани во второто полугодие на учебната 2024/2025 година.
- Со вкупно 1.250 родители/старатели биле извршени советувања заради несоодветно однесување во училиштето, односно 693 родители/старатели биле советувани по овој основ во првото полугодие, а 557 родители/старатели биле советувани во второто полугодие од учебната 2024/2025 година.
- Вкупно 463 родители, односно старатели не се појавиле на советување и по третата покана и за нив бил известен Центарот за социјални работи, односно 272 родители/стартели не се појавиле на советување во првото полугодие, а 191 родител/старател не се појавил на советување во второто полугодие од учебната 2024/2025 година.

| Ученици | Намален успех во учењето | Нередовно посетување на настава | Несоодветно однесување во училиштето |
|---|---|---|---|
| Прво полугодие | 2.953 | 1.434 | 825 |
| Второ полугодие | 1.887 | 1.387 | 701 |
| Вкупно | 4.840 | 2.821 | 1.526 |

Во табеларниот приказ видлив е вкупниот број на ученици кои биле повикани на советување и со кои е извршено советување во учебната 2024 - 2025 година. Прикажаните резултати покажуваат дека:

- Со вкупно 4.840 ученици биле извршени советувања заради намален успех во учењето (негативна оценка по три или повеќе предмети, значително опаднат општ успех во краток период). Со 2.953 ученици било извршено советување во првото полугодие, а 1.887 ученици биле советувани во второто полугодие од учебната 2024 - 2025 година.
- Со вкупно 2.821 ученик биле извршени советувања заради нередовно посетување настава, односно 1.434 ученици биле советувани во првото полугодие, а 1.387 ученици биле советувани во второто полугодие од учебната 2024 - 2025 година.
- Со вкупно 1.526 ученици биле извршени советувања заради несоодветно однесување во училиштето, односно 825 ученици биле советувани во првото полугодие, а 701 ученик бил советуван во второто полугодие од учебната 2024 -2025 година.

| Намален успех во учењето | Да | Не | Делумно | Вкупно училишта |
|---|---|---|---|---|
| Прво полугодие | 119 | 7 | 112 | 238 |
| Второ полугодие | 128 | 5 | 75 | 208 |

Од прикажаната табела можат да се видат вкупниот број на училишта во кои е извршено советување на родители/старатели и ученици заради намален успех во учењето (негативна оценка по три или повеќе предмети, значително опаднат општ успех во краток период) за двете полугодија на учебната 2024 - 2025 година.

Од прикажаните податоци може да се види дека во првото полугодие на учебната 2024-2025 година во 238 основни училишта на територијата на Република Северна Македонија се извршило советување на родители/стартели и ученици заради намален успех во учењето (негативна оценка по три или повеќе предмети, значително опаднат општ успех во краток период). Од нив стручните служби во 119 училишта одговориле потврдно со образложение дека извршените советувања на родители, односно старатели и ученици овозможиле подобрување на училишниот успех на учениците; во 7 училишта стручните служби одговориле дека успехот и по советувањата не се подобрил, а во 112 училишта стручните служби образложиле дека има делумно подобрување на успехот по советувањата.

Од наведениот табеларен приказ се забележува дека во второто полугодие на учебната 2024 – 2025 година во 208 основни училишта се извршило советување заради намален успех во учењето (негативна оценка по три или повеќе предмети, значително опаднат општ успех во краток период). Од нив стручните служби во 128 училишта одговориле потврдно со образложение дека извршените советувања на родители, односно старатели и ученици овозможиле подобрување на училишниот успех на учениците; во 5 училишта стручните служби одговориле дека успехот и после советувањата не се подобрил, а во 75 училишта стручните служби образложиле дека има делумно подобрување на успехот по советувањата.

*Од прикажаните резултати може да се констатира дека состојбата во однос на успехот на учениците во второто полугодие е малку подобрена. Најчесто коментарите на стручните служби од училиштата се движат во насока дека советодавната работа е таа која влијае на подобрување на успехот на учениците.*

| Нередовно посетување настава | Да | Не | Делумно | Вкупно училишта |
|---|---|---|---|---|
| Прво полугодие | 80 | 21 | 98 | 199 |
| Второ полугодие | 105 | 16 | 70 | 191 |

Горенаведениот табеларен преглед дава увид во вкупниот број на училишта во кои е извршено советување на родители/старатели и ученици заради нередовно посетување на наставата за двете полугодија на учебната 2024 - 2025 година.

Од прикажаните податоци може да се види дека во првото полугодие на учебната 2024 - 2025 година, во 199 училишта на територијата на Република Северна Македонија се извршило советување на родители/старатели и ученици заради нередовно посетување настава. Од нив во 80 училишта стручните служби одговориле потврдно со образложение дека извршените советувања на родители, односно старатели и ученици овозможиле подобрување на редовноста на учениците; во 21 училиште стручните служби одговориле дека редовноста на учениците и по советувањата не се подобрила, а стручните служби во 98 училишта образложиле дека има делумно подобрување на редовноста по советувањата.

Во второто полугодие се забележува слична состојба, односно во нешто помалку училишта или во 191 основно училиште на територијата на Република Северна Македонија се извршило советување заради нередовно посетување на настава. Од нив стручните служби во 105 училишта одговориле потврдно и образложиле дека извршените советувања на родители, односно старатели и ученици овозможиле зголемување на редовноста на учениците; во 16 училишта стручните служби одговориле дека редовноста и по советувањата не се подобрила, а во 70 училишта стручните служби образложиле дека има делумно подобрување на редовноста на учениците по советувањата.

*Од прикажаните резултати може да се констатира дека состојбата во однос на редовноста на учениците е слична во двете полугодија. Образложенијата на стручните служби се движат во насока дека советодавната работа е таа која влијае на подобрување на редовноста на учениците, понатаму за учениците кои се советувани согласно Правилниците на училиштата им се изрекуваат педагошки мерки, формираат тимови за поддршка на учениците и сето тоа доведува до позитивни промени кај одреден број на ученици. Во 21 односно во 16 училишта овие мерки не довеле до позитивен резултат, односно во овие училишта не се подобрила редовноста кај учениците, а не е ни мала бројката на оние училишта, во кои дошло до делумно подобрување на состојбата.*

| Несоодветно однесување | Да | Не | Делумно | Вкупно училишта |
|---|---|---|---|---|
| Прво полугодие | 84 | 4 | 73 | 161 |
| Второ полугодие | 91 | 4 | 44 | 139 |

Од дадениот приказ видлив е вкупниот број на училишта во кои е извршено советување на родители/старатели заради несоодветно однесување на учениците во првото и второто полугодие на учебната 2024 - 2025 година.

Од прикажаните податоци може да се види дека во првото полугодие на учебната 2024 - 2025 година во 161 училиште на територијата на Република Северна Македонија се

извршило советување на родители/старатели и ученици заради несоодветно однесување во училиштето. Од нив стручните служби во 84 училишта одговориле потврдно со образложение дека извршените советувања на родители, односно старатели и ученици овозможиле подобрување на однесувањето на учениците; во 4 училишта стручните служби одговориле дека однесувањето и по советувањата не се подобрило, а во 73 училишта стручните служби образложиле дека има делумно подобрување на однесувањето по советувањата.

Понатаму од податоците може да се забележи дека во второто полугодие на учебната 2024-2025 година во 139 училишта се извршило советување на родители/старатели и ученици заради несоодветно однесување. Од нив стручните служби во 91 училиште одговориле потврдно со образложение дека извршените советувања на родители, односно старатели и ученици овозможиле подобрување на однесувањето на учениците; во 4 училишта стручните служби одговориле дека однесувањето на учениците и по советувањето не се подобрило, а во 44 училишта стручните служби образложиле дека има делумно подобрување на однесувањето на учениците по советувањата.

*Стручните служби образложуваат дека со правилен пристап и советување во најголем дел се надминувале состојбите.*

*Сепак може да се забележи дека во второто полугодие состојбата е малку подобрена, што најверојатно според наодите од стручните служби се должи на примената на советодавната работа со учениците и нивните родители/старатели.*

Во вкупно 21 основно училиште не се извршило советување по ниеден основ. Дел од училиштата тоа го образложуваат дека во тие училишта немало потреба за одржување на советување, сите ученици успешно и активно се вклучувале во наставата, а дел се без образложение.

| Основни училишта | Доставени барања за стручно мислење | Друга поддршка од Педагошка служба |
|---|---|---|
| Прво полугодие | 2 | 27 |
| Второ полугодие | 14 | 30 |
| Вкупно училишта | 16 | 57 |

**Во дадениот приказ видлив е вкупниот број на училишта кои побарале поддршка од Одделението за советување на родители и ученици во Педагошка служба. Како што може да се види од табелата во првото полугодие од учебната 2024-2025 година до Педагошка служба биле доставени 2 барања за стручно мислење, а во второто полугодие**

**биле доставени 14 барања за стручно мислење или вкупно до Педагошка служба од основните училишта биле доставени 16 барања за стручно мислење за несоодветно однесување согласно член 77 став (2) од Законот за основно образование.**

Другиот вид на поддршка се однесува на консултативно-советодавни разговори, кои најчесто ги иницираше Одделението за советување на родители и ученици со училиштата преку активноста ,,*пријави насилство*". Исто така Одделението за советување на родители и ученици често беше контактирано и од страна на училиштата со цел добивање насоки за правилно постапување во соодветни ситуации.

*Од горенаведените податоци може да се заклучи дека извршените советувања на родители/старатели и ученици во основните училишта овозможиле подобрување на училишниот успех и зголемување на редовноста на учениците. Сепак и бројката на училишта кои се изјасниле како делумно по овие основи не е мала. Најголемо влијание, односно најмногу советувањата помогнале да се подобри однесувањето кај ученците, а тоа се потврдува и со фактот согледан и од квалитативниот опис по ова прашање на поголем број училишта.*

## Извршени советувања на родители/старатели и ученици во средните училишта во Република Северна Македонија во учебната 2024 - 2025 година

| Родители/Старатели | Намален успех во учењето | Нередовно посетување настава | Несоодветно однесување во училиштето | Родители кои не се појавиле на советување и за кои е известен ЦСР |
|---|---|---|---|---|
| Прво полугодие | 3.155 | 1.443 | 152 | 138 |
| Второ полугодие | 2.182 | 1.769 | 66 | 48 |
| Вкупно | 5.337 | 3.212 | 218 | 186 |

Во табелата прикажан е вкупниот број на родители/старатели кои биле повикани на советување и со кои е извршено советувањето во првото и второто полугодие од учебната 2024 - 2025 година во средните училишта. Прикажаните резултати покажуваат дека:

- Во учебната 2024 - 2025 година биле извршени советувања со вкупно 5.337 родители/старатели заради намален успех во учењето (негативна оценка по три или повеќе предмети, значително опаднат општ успех во краток период). Во првото полугодие биле советувани 3.155 родители/старатели, додека во второто полугодие биле светувани 973 родители/старатели помалку, односно 2.182.
- Со вкупно 3.212 родители / старатели биле извршени советувања заради нередовно посетување настава. Во првото полугодие биле советувани 1.443 родители/старатели,

додека во второто полугодие биле советувани 326 родители/старатели повеќе, односно 1.769.

- Со вкупно 218 родители / старатели биле извршени советувања заради несоодветно однесување во училиштето. Во првото полугодие биле извршени советувања со 152 родители/старатели, додека во второто полугодие биле советувани значајно помалку родители, односно 66.
- Вкупно 186 родители, односно старатели не се појавиле на советување и по третата покана и за нив бил известен Центарот за социјални работи. Од вкупниот број 138 родители се евидентирани во првото полугодие, додека 48 родители во второто полугодие на учебната 2024 - 2025 година.

| Ученици | Намален успех во учењето | Нередовно посетување настава | Несоодветно однесување во училиштето |
|---|---|---|---|
| Прво полугодие | 3.297 | 1.438 | 234 |
| Второ полугодие | 2.289 | 1.802 | 153 |
| вкупно | 5.586 | 3.240 | 387 |

Прикажаните податоци се однесуваат на вкупниот број на ученици кои биле повикани на советување и со кои е извршено советување во учебната 2024 - 2025 година. Прикажаните резултати покажуваат дека во средните училишта:

- Во првото полугодие на учебната 2024 - 2025 година со 3.297 ученици биле извршени советувања заради намален успех во учењето (негативна оценка по три или повеќе предмети, значително опаднат општ успех во краток период), а во второто полугодие биле советувани 1.008 ученици помалку. Вкупно биле советувани 5.586 ученици.
- Во првото полугодие на учебната 2024 – 2025 година со 1.438 ученици биле извршени советувања заради нередовно посетување настава, а во второто полугодие биле советувани 364 ученици повеќе или вкупно 3.240 ученици.
- Со 234 ученици биле извршени советувања заради несоодветно однесување во училиштето во првото полугодие од учебната 2024 - 2025 година, додека во второто полугодие биле советувани 153 ученици или вкупно биле советувани 387 ученици.

| Намален успех во учењето | Да | Не | Делумно | Вкупно училишта |
|---|---|---|---|---|
| Прво полугодие | 39 | 1 | 43 | 83 |
| Второ полугодие | 53 | 0 | 16 | 69 |

Во наведениот преглед видлив е вкупниот број на средни училишта во кои е извршено советување заради намален успех во учењето (негативна оценка по три или

повеќе предмети, значително опаднат општ успех во краток период) во учебната 2024 - 2025 година.

Од прикажаните податоци може да се види дека во првото полугодие на учебната 2024 - 2025 година во 83 средни училишта на територијата на Република Северна Македонија се извршило советување заради намален успех во учењето (негативна оценка по три или повеќе предмети, значително опаднат општ успех во краток период). Од нив стручните служби во 39 училишта одговориле потврдно и образложиле дека извршените советувања на родители, односно старатели и ученици овозможиле подобрување на училишниот успех на учениците; во 43 училишта стручните служби образложиле дека има делумно подобрување на успехот по советувањата. А едно училиште се изјаснило дека нема подобрување на успехот и по извршените советувања.

Во второто полугодие се забележува дека во 69 средни училишта на територијата на Република Северна Македонија се извршило советување заради намален успех во учењето (негативна оценка по три или повеќе предмети, значително опаднат општ успех во краток период). Од нив стручните служби во 53 училишта одговориле потврдно со образложение дека извршените советувања на родители, односно старатели и ученици овозможиле подобрување на училишниот успех на учениците, а во 16 училишта стручните служби образложиле дека има делумно подобрување на успехот по советувањата. Ниту едно средно училиште не се изјаснило негативно, односно дека нема подобрување на успехот на учениците и по извршените советувања.

*Од прикажаните резултати, слично како и кај основните училишта и кај средните училишта, може да се констатира дека состојбата во однос на успехот на учениците во второто полугодие е подобрена. Најчесто коментарите на стручните служби од средните училишта се движат во насока дека советодавната работа е таа која влијае на подобрување на успехот на учениците.*

| Нередовно посетување настава | Да | Не | Делумно | Вкупно училишта |
|---|---|---|---|---|
| Прво полугодие | 39 | 3 | 43 | 85 |
| Второ полугодие | 51 | 3 | 15 | 69 |

Во горенаведената табела е даден преглед на вкупниот број на средни училишта во кои е извршено советување заради нередовно посетување на наставата во учебната 2024 - 2025 година.

Од прикажаните податоци може да се види дека во првото полугодие од учебната 2024 - 2025 година во 85 средни училишта на територијата на Република Северна Македонија се извршило советување заради нередовно посетување настава. Од нив стручните служби во 39 училишта одговориле потврдно со образложение дека извршените советувања на родители, односно старатели и ученици овозможиле подобрување на

редовноста на учениците;  стручните служби во 3 училишта одговориле дека редовноста на учениците и по советувањата не се подобрила, а стручните служби во 43 училишта образложиле дека има делумно подобрување на редовноста по советувањата.

Во второто полугодие се извршило советување заради нередовно посетување во 69 средни училишта на територијата на Република Северна  Македонија. Од нив стручните служби во 51 училиште одговориле потврдно со образложение дека извршените советувања на родители, односно старатели и ученици овозможиле зголемување на редовноста на учениците; во 3 училишта стручните служби одговориле дека редовноста и по советувањата не се подобрила, а  во 15 училишта стручните служби образложиле дека има делумно подобрување на редовноста на учениците по советувањата.

*Од прикажаните резултати може да се констатира дека  состојбата во однос на редовноста на учениците од средните училишта во второто полугодие е подобрена. Најчесто коментарите на стручните служби од средните училиштата се движат во насока дека советодавната работа е таа која влијае на подобрување на редовноста на учениците.*

| Несоодветно однесување | Да | Не | Делумно | Вкупно училишта |
|---|---|---|---|---|
| Прво полугодие | 20 | 0 | 14 | 34 |
| Второ полугодие | 17 | 1 | 7 | 25 |

Во горенаведениот табеларен приказ е даден преглед на вкупниот број на средни училишта во кои е извршено советување заради несоодветно однесување во учебната 2024-2025 година.

Од прикажаните податоци може да се види дека во првото полугодие од учебната 2024-2025 година во 34 средни училишта на територијата на Република  Северна Македонија се извршило советување заради несоодветно однесување во училиштето. Од нив стручните служби во 20 средни училишта одговориле потврдно и образложиле дека извршените советувања на родители, односно старатели и ученици овозможиле подобрување на однесувањето на учениците,  а  во 14 средни училишта стручните служби образложиле дека има делумно подобрување на однесувањето по советувањата. Во сите училишта по советувањето несоодветното однесување на учениците се подобрило.

Во второто полугодие се забележува помала бројка на средни училишта во кои се извршило советување заради несоодветно однесување на учениците. Во 17 училишта по советувањето состојбата се подобрила, во едно училиште советувањето не дало позитивен исход, додека во 7  училишта само делумно се подобрило однесувањето.

*Како можна причина за подобрено поведение според најчестите наведени коментари на стручните служби е доследното спроведување на советодавниот процес,*

*вклучувајќи ја и навремената реакција од страна на педагошко-психолошките служби во насока на превенирање на непосакувани поведенија од страна на учениците.*

Вкупен број на средни училишта во кои не се извршило советување во учебната 2024 - 2025 година е едно училиште.

| Основни училишта | Доставени барања за стручно мислење | Друга поддршка од Педагошка служба |
|---|---|---|
| Прво полугодие | 1 | 10 |
| Второ полугодие | 0 | 7 |
| Вкупно училишта | 1 | 17 |

**Дадениот табеларен приказ дава преглед на вкупниот број на средни училишта кои побарале поддршка од Педагошката служба. Како што може да се види од табелата во првото полугодие од учебната 2024-2025 година до Одделението за советување на родители и ученици во Педагошката служба било доставено 1 барање за стручно мислење согласно член (58-а) став (3) од Законот за средно образование, а во второто полугодие ниту едно средно училиште не доставило барање за стручно мислење.**

Другиот вид на поддршка исто како и кај основните училишта се однесува на консултативно-советодавни разговори, кои најчесто ги инициraше Одделението за советување на родители и ученици со училиштата преку активноста ,,пријави насилство". Исто така Одделението за советување на родители и ученици често беше контактирано и од страна на училиштата со цел добивање насоки за правилно постапување во соодветни ситуации.

*Може да се заклучи дека советодавната работа помогнала да се подобри успехот и редовноста на учениците во средните училишта во второто полугодие, а тоа се потврдува и со фактот согледан од квалитативниот опис по ова прашање на поголем број училишта. Исто така советодавната работа е таа која во најголем процент овозможила подобрување на однесувањето на учениците, односно коригирање на одредени облици на несоодветно однесување.*

Анализата на извршените советувања на родители/старатели и ученици во основните и средните училишта во учебната 2024-2025 година даде појасна слика во однос на тоа дали програмата за советување на родители/старатели и програмата за советување на ученици во основните и средните училишта ги задоволува поставените цели.

Може да се заклучи дека советодавната работа помогнала да се подобри успехот и редовноста на учениците во основните и средните училишта во учебната 2024-2025 година, а

тоа се потврдува и со фактот согледан и од квалитативниот опис по ова прашање на поголемиот број училишта.

Исто така советодавната работа е таа која во најголем процент овозможила подобрување на однесувањето на учениците, односно коригирање на одредени облици на несоодветно однесување.

Важноста на добиените наоди е во примената на овие сознанија во насока на подобрување на програмите за советување на родители/старатели и ученици и креирање на обуки за ефикасно спроведување на советодавната работа.

## Реализирани активности – соработка со институции и организации

Оптимално функционирање на воспитно-образовниот процес е можно само доколку секој составен елемент од истиот во целост ги извршува своите активности, но и работи координирано во насока на унапредување на самиот процес. Во таа насока, Педагошката служба во изминатиот период оствари блиска соработка со бројни инситутиции и организации, прикажани во табеларниот преглед:

| Институции | Опис на активноста | Очекувани резултати | Добиени резултати | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **Биро за развој на образованието** | Доставени Наставни програми за објавување Конкурси за учебници за основно и средно гимназиско образование<br><br>Доставено образложено мислење за усогласеност на ракописите за учебници со наставната програма.<br><br>Доставени стручни мислења врз основа на поднесени барања за одобрување на работни тетратки | Навремено доставени Наставни програми<br><br>Навремено доставено мислење<br><br>Навремено доставено мислење | Доставени Наставни програми<br><br>Доставено мислење<br><br>Доставено мислење | Јануари-Декември 2025 |
| **Центарот за развој на стручно образование** | Доставени Наставни програми за објавување Конкурс за учебници за одредени предмети за средно стручно образование.<br><br>Доставено образложено мислење за усогласеност на ракописите за учебници со наставната програма. | Навремено доставени Наставни програми<br><br>Навремено доставено мислење | Доставени Наставни програми<br><br>Доставено мислење | Јануари-Декември 2025 |
| **Државен завод за ревизија** | Доставување на целокупна документација за следење на реализација на јавна набавка за услуги за преведување, лектура, стручна редакција ,графичко, | Доставена документација | Добиен ревизорски извештај по чии забелешки се | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | техничко уредување и во два дела за печатење и дистрибуција на учебници за основно и средно образование<br><br>Доставена документација во однос на останати постапки од делокруг на работа на Педагошката служба. | | постапува | |
| **Државниот просветен инспекторат** | Доставено барање за вршење на инспекциски надзор | Извршен инспекциски надзор | | Септември-Декември 2025 |
| **Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзорво втор степен ;**<br>**Управен суд;**<br>**Виш Управен суд;** | Државната комисија за одлучување во управна постапка постапка од работен однос и инспекцсики надзор во втор степен одлучува по поднесените жалби на донесените одлуки за одобрување на учебници.<br>Управниот суд одлучува по понесените тужби на одлуките од второстепената комисија.<br>Вишиот управен суд решава по поднесените жалби на донесените одлуки од Управниот суд, | Разрешување на жалбени постапки и судски предмети | Изнајден начин за разрешување на жалбени и судски постапки | Јануари-Декември 2025 |
| **Државен испитен центар** | Доставени учебници на барање на Државниот испитен центар за сите наставни предмети за кои се организира полагање на државна матура | Државниот испитен центар до овој момент не располагал со учебници за овие наставни предмети што директно влијае на квалитетот на испитниот материјал. Со ова значајно ќе се подобри ова поле | Унапреден испитен материјал за идните матуранти кои ќе полагаат државна матура | Септември-Декември 2025 |
| **Национална и универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски“ - Скопје** | Доставување на барања за обезбедување на ЦИП | Обезбедување на потребна документација за спроведување на постапка за печатење на учебници | Учебници чии што авторски права се во сопственост на МОН | Март-Септември 2026 |

**Министерство за образование и наука**

**Извештај за работа на Педагошката служба за 2025 година**

---

Врз основа на спроведените активности и дадените предизвици, Педагошката служба во текот на 2025 година ги има реализирано поставените цели, а со тоа одговорено на поставените политики на Министерството за образование и наука. Преку успешно комплетирање на поставените цели, Педагошката служба во делот на обезбедување на учебници успешно обезбеди учебници по сите странски јазици во основно образование како и во прва година средно гиманзиско образование. Дополнително нови учебници беа обезбедени и за седмо одделение во основно образование како и за прва година гимназиско средно образование.

Работна група за изработка на Годишен извештај

- Хикмете Селмани
- Андреа Јанковски
- Наташа Стојановиќ-Тоскоска
- Виолета Костовска
- Анита Азеска
- Зоран Штерјовски
- Бесим Алија
- Весна Стојановска

Педагошка служба

Директор

м-р Роберт Аџипетров

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА * MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка служба - Shërbimi pedagogjik
* Скопје Shkup *